# Правилник за вршење видео надзор
# во ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ
# Охрид

Врз основа на Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр: 42/2020) ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ Скопје донесе:

## Правилник за вршење видео надзор

Целта на овој Правилник е да го пропише начинот на вршење видео надзор во просториите на ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ и мерките кои се преземаат за заштита на личните податоци кои се собираат и обработуваат преку видео надзорот.

Овој Правилник за вршење видео надзор на ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ е поделена на неколку поглавја:

1. **Опис на системот за вршење на видео надзор**
2. **Обработка на личните податоци од видео надзорот**
3. **Известување за видео надзорот**
4. **Мерки за заштита на личните податоци од видео надзорот**
5. **Завршни одредби**
6. **Прилози**

## 1. Опис на системот за вршење на видео надзор

ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ врши видео надзор на својот деловн објект во Охрид. ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ врши видео надзор на својот деловен објект со цел:

- заштита на сопственоста и
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од деловниот објект.

Видео надзорот се врши 24 часа.

Видео надзорот се врши преку камери поставени во кругот на деловниот објект со цел заштита на сопственоста на Друштвото и контрола над влегувањето и излегувањето од деловниот објект.

Преку системот за вршење на видео надзор на деловниот објект на Друштвото се обработуваат следниве категории на лични податоци:

- физички и физиолошки изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од Друштвото и
- физички и физиолошки изглед на вработените во Друштвото

За вршење на видео надзорот се користи систем од видео камери. Камерите имаат ултра висока резолуција на снимање 1280x800 пиксели со домет од 15 метри и без можност за зумирање.

## 2. Обработка на личните податоци од видео надзорот

Снимките од камерите за видео надзор се снимаат и се чуваат на хард дискот на видео серверот со варијабилна компресија H.264.

Снимките од видео надзорот се чуваат 7 дена. По изминување на овој период тие автоматски се бришат од хард дискот на серверот. Снимките може да се чуваат подолг временски период само ако е тоа потребно согласно закон, но не подолго од периодот потребен за исполнување на целите.

Пристап на снимките од видео надзорот на Друштвото имаат само овластените лица. Овластено лице за пристап до снимките од видео надзорот е само Директорот на Друштвото.

Сите овластени лица имаат потпишано Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, која се чува во нивното персонално досие. Образецот за оваа изјава е даден во прилог на овој правилник. *(Прилог 1)*

Прегледување на снимениот материјал може да се врши само врз основа на писмено барање од Министерството за внатрешни работи и други надлежни истражни и судски органи.

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор Друштвото води евиденција, која ги содржи следниве податоци:

- Име и презиме на овластеното лице;
- Датум и време на пристапување
- Цел за пристапување
- Датум и час на направената снимка до која се пристапува
- Датум и назив на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот
- Вид на медиум на кој е зачувана снимката од видео надзорот која му се дава на корисникот.

Предавањето на медиумот со конкретната снимка од видео надзор е проследена со пропратно писмо потпишано од примателот, и кое се чува во Деловникот-архива.

## 3. Известување за видео надзорот

На влезот во деловниот објект на Друштвото на видливи места е истакнато известување дека се врши видео надзор. Ова известување ги содржи следниве информации:

- дека се врши видео надзор;
- името на Друштвото како контролор кој го врши видео надзор и
- начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Известувањето за вршење на видео надзор е дадено како прилог на овој Правилник. *(Прилог 2)*

Директорот е одговорен да ги извести сите вработени дека се врши и каде се врши видео надзор во Друштвото, како и за секоја промена во системот за видео надзор.

## 2. Обработка на личните податоци од видео надзорот

Снимките од камерите за видео надзор се снимаат и се чуваат на хард дискот на видео серверот со варијабилна компресија H.264.

Снимките од видео надзорот се чуваат 7 дена. По изминување на овој период тие автоматски се бришат од хард дискот на серверот. Снимките може да се чуваат подолг временски период само ако е тоа потребно согласно закон, но не подолго од периодот потребен за исполнување на целите.

Пристап на снимките од видео надзорот на Друштвото имаат само овластените лица. Овластено лице за пристап до снимките од видео надзорот е само Директорот на Друштвото.

Сите овластени лица имаат потпишано Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, која се чува во нивното персонално досие. Образецот за оваа изјава е даден во прилог на овој правилник. *(Прилог 1)*

Прегледување на снимениот материјал може да се врши само врз основа на писмено барање од Министерството за внатрешни работи и други надлежни истражни и судски органи.

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор Друштвото води евиденција, која ги содржи следниве податоци:

- Име и презиме на овластеното лице;
- Датум и време на пристапување
- Цел за пристапување
- Датум и час на направената снимка до која се пристапува
- Датум и назив на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот
- Вид на медиум на кој е зачувана снимката од видео надзорот која му се дава на корисникот.

Предавањето на медиумот со конкретната снимка од видео надзор е проследена со пропратно писмо потпишано од примателот, и кое се чува во Деловникот-архива.

## 3. Известување за видео надзорот

На влезот во деловниот објект на Друштвото на видливи места е истакнато известување дека се врши видео надзор. Ова известување ги содржи следниве информации:

- дека се врши видео надзор;
- името на Друштвото како контролор кој го врши видео надзор и
- начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Известувањето за вршење на видео надзор е дадено како прилог на овој Правилник. *(Прилог 2)*

Директорот е одговорен да ги извести сите вработени дека се врши и каде се врши видео надзор во Друштвото, како и за секоја промена во системот за видео надзор.

## 4. Мерки за заштита на личните податоци од видео надзорот

При обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци на ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ .

## 5. Завршни одредби

За се што не е предвидено во овој Правилник ќе се применуваат законските и под-законските прописи за заштита на лични податоци.

Правилникот за вршење видео надзор на ХОТЕЛ ПЕЛА ДООЕЛ стапува на сила со денот на нејзиното донесување од страна на Директорот.

## 6. Прилози

- **Прилог 1** – Образец за Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор
- **Прилог 2** – Известувањето за вршење на видео надзор

Управител

______________________

ХОТЕЛ ПЕЛА Охрид

Датум

Скопје, 23.11.2021 ,2021 година